# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на опчтина Велес

Излегува по потреба

број 11 година **LIV**

**11 јули 2018 година**


**Бр. 184**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/1
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 5/02) член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 6 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/07, 03/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за верификација на мандат на член на Советот на Општина Велес**

**Член 1**

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Велес:

- Маја Стојанова.

**Член 2**

Мандатот на членот на Општина Велес се смета од 09.07.2018 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/2
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 185**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски придонес на Општина Велес во потпроект во рамките на ПЛРК -програма на Светска Банка**

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски придонес на Општина Велес во потпроект во рамките на ПЛРК -програма на Светска Банка, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/2
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски придонес на Општина Велес во потпроект во рамките на ПЛРК -програма на Светска Банка**

**Член 1**

Со оваа Одлука, се одобрува финансиски придонес на Општина Велес во потпроект во рамките на ПЛРК- програмата на Светска Банка, со поднесување на проектна апликација кон „ Проектот за локална и регионална конкурентност “.

**Член 2**

Општина Велес е апликант кон Програмата „Инвестиции на подгрантови во инфраструктура поврзана со туризмот и поврзување во дестинациите“, со сопствен подпроект со наслов „СМАРТ ЕЗЕРО МЛАДОСТ“ Прва иновативна туристичка атракција во Македонија.

**Член 3**

Општина Велес ги прифаќа целите на проектната апликација: ЛРК е подобрување на придонесот на туризмот во локалниот економски развој и подобрување на капацитетот на Владата и јавните субјекти за поттикнување на растот на туризмот и олеснување на управувањето со дестинациите.

**Член 4**

Во случај на одобрување на апликацијата/ потпроектот од страна на ЛРК, финансиските средства во висина од 10% од средствата кои се побаруваат за имплементација на проектот на ПЛРК, ќе ги обезбеди Општина Велес.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/3
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 186**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена заштитно зеленило (Д2) и рекреативно зеленило (Д3) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес**

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена заштитно зеленило (Д2) и рекреативно зеленило (Д3) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/3
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 2, став 1 и член 3, став 2 од Правилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена заштитно зеленило (Д2) и рекреативно зеленило (Д3) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена заштитно зеленило (Д2) и рекреативно зеленило (Д3)

во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес и тоа:

1. КП бр.16651 за КО Велес
2. КП 16652 за КО Велес;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3692/4
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 187**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање на управување на водоснабдителен систем за населено место Сујаклари на ЈКП Дервен Велес**

Се објавува Одлуката за давање на управување на водоснабдителен систем за населено место Сујаклари на ЈКП Дервен Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/4
11.07.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ" бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15 и 147/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), а согласно член 25 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 02/13),Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на управување на водоснабдителен систем за населено место Сујаклари на ЈКП Дервен**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес на ЈКП Дервен Велес врши давање на управување (преотстапување) на водоснабдителниот систем за населено место Сујаклари, кој не е дел од јавниот водоснабдителен систем.

**Член 2**

Водоснабдителниот систем (водоводните објекти и инсталации) од член 1 на оваа Одлука и нивната техничка исправност е утврдена од страна на Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Велес.

Од страна на Комисијата е составен Записник за техничката исправност на водоснабдителниот систем, со исполнети услови за преотстапување на системот на ЈКП Дервен на управување.

Записникот е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Овластен проценител на Општина Велес изврши проценка на вредноста на водоснабдителниот систем за што е изготвен Извештај за проценка на недвижниот имот кој е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Општина Велес е должна во рок од еден месец од денот на донесувањето на оваа Одлука да склучи договор со ЈКП Дервен во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права и обврски за понатамошно управување на системот согласно закон.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес

Број 25-3692/5
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 188**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за прифаќање на донација**

Се објавува Одлуката за прифаќање на донација, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/5
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Сл. весник на РМ“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес ја прифаќа донацијата за поставување летниковец на Пивара Скопје дадена од дарувателот ПИВАРА АД-Скопје

**Член 2**

Донацијата која се дава на Општина Велес се состои од Летниковец, правоаголен со димензии 3x3 со стреја 60 cm, дрвени столбови, висина од 200 cm.

**Член 3**

За донацијата ќе биде склучен посебен договор помеѓу Градоначалникот на Општина Велес како примател на донацијата и ПИВАРА АД-Скопје како дарувател на донација, согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

По склучувањето на договорот донацијата ќе биде дадена на користење на Општина Велес за кој во иднина истата треба да води грижа (одржување).

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/6
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 189**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за отпис на застарени побарувања во Буџетот на Општина Велес за 2018 година**

Се објавува Одлуката за отпис на застарени побарувања во Буџетот на Општина Велес за 2018 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/6
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за отпис на застарени побарувања во Буџетот на Општина Велес за 2018год.**

Со оваа Одлука се врши отпис на застарени побарувања кои Општина Велес ги има спрема правно лице и се евидентирани во Буџетот на Општина Велес за 2018 година.

**Член 2**

Се врши отпишување на побарувањата спрема правно лице-ЕВН Велес, како побарување-дадени аванси.

Висината на побарувањата кои се отпишуваат се во вкупен износ од 1.144,оо денари.

**Член 3**

Отпишувањето на утврдениот износ на побарувањата од член 2 на оваа Одлука е согласно Извештајот за извршен попис бр. 02-743/1 од 08.02.2018 година, доставен од Комисија за вршење попис на парични средства на сметка и благајна на Буџетот, како и попис на целокупните побарувања и обврски.

**Член 4**

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на паричните побарувања евидентирани во Буџетот на Општина Велес и истата ќе ја спроведе Одделението за финансиски прашања.

Спецификацијата за отпис на побарување –дадени аванси е составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/7
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 190**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес**

Се објавува Одлуката за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/7
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10 и 15/14), а согласно Извештајот за извршениот попис на основни средства, опрема и ситен инвентар бр. 02-742/1 од 08.02.2018, изготвен од Комисијата за вршење на попис на основните средства, опрема и ситен инвентар

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес со локација во ТППЕ Велес, евидентирани во Буџетот на Општина Велес.

**Член 2**

Отписот и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар се врши на предлог на Комисијата за вршење на попис на основните средства и ситен инвентар, поради нивна дотраеност и неупотребливост.

**Член 3**

Бројот и видот на отпишаните и расходувани основни средства, опрема и ситен инвентар се утврдени по спецификација, која е составен дел на оваа Одлука и нивната вкупна книговодствена вредност е во висина од 38.733,00 денари.

**Член 4**

Отпишувањето и расходувањето на основните средства, опремата и ситниот инвентар ќе го изврши Комисијата за вршење на отпис на основни средства, опрема и ситен инвентар сопственост на Општина Велес, формирана Советот на Општина Велес.

**Член 5**

Комисијата ќе изврши увид во фактичката состојба на основните средства, опремата и ситниот инвентар кои се предлог за отпишување и расходување.

Комисијата ќе утврди како да се постапи понатаму со предметните основни средства, опрема и ситен инвентар (истите да се оттуѓат по пат на продажба или се уништат и исфрлат во отпад).

За својата работа Комисијата е должна да состави записник и истиот да го достави до Градоначалникот на Општина Велес.

Член 6

Донесувањето на оваа Одлука ќе значи право на отпишување на утврдената вредност на отпишаните основни средства, опрема и ситен инвентар од Буџетот на Општина Велес и истата ќе ја спроведе Одделението за финансиски прашања

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3692/8
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 191**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/8
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

1. Советот на Општина Велес го донесе Заклучокот за донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес.
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-3692/9
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и члан 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за дополнување на Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес**

1. Во Правилникот за користење на простории сопственост на Општина Велес од страна на здруженија, фондации и сојузи од Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 5/15), се врши дополнување во:

„член 8, став 3 каде после зборот „Општината“ се додава „запирка и зборовите, претставници од Комисијата“.

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/9
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 192**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес**

Се објавува Заклучокот за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/9
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и члан 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес**

1. Советот на Општина Велес го донесе Заклучокот за донесување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“-Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/10
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и члан 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 09.07.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за дополнување на Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“- Велес**

Во Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“- Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 5/06) се врши дополнување во:

„член 7, каде после став 2, да се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Наративниот дел од извештајот го составуваат членовите на Организациониот одбор на фестивалот, а го потпишува претседателот на Организациониот одбор на фестивалот.

Финансискиот дел од извештајот, согласно планираните средства во Буџетот го подготвува организациниот одбор во соработка со Одделението за финансиски прашања при општината.“

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/10
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 193**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување претседател на Комисија за општествени дејности**

Се објавува Решението за разрешување и именување претседател на Комисија за општествени дејности, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/10
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 25, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување претседател на Комисија за општествени дејности**

1.Маја Хеско се разрешува од претседател на Комисија за општествени дејности.

2.За претседател на Комисија за општествени дејности се именува:

- Максут Бакиовски.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-3692/11
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 194**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување член на Комисија за Статут и прописи**

Се објавува Решението за разрешување и именување член на Комисија за Статут и прописи, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/11
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 25, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член на Комисија за Статут и прописи**

1.Маја Хеско се разрешува од член на Комисија за статут и прописи.

2.За член на Комисија за статут и прописи се именува:

-Маја Стојанова.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/12
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 195**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14)

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување член на Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите**

Се објавува Решението за разрешување и именување член на Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 09.07.2018 година.

Број 08-3714/12
11.07.2018 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 32, точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 25, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 09.07.2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и избор член на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените**

1.Маја Хеско се разрешува од член на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

2.За член на Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените: -Маја Стојанова.

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-3692/13
10.07.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

**Бр. 196**

